20260430654

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2027 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/23 и 57/25), во член 2 став 2 во табелата, во точката 1 „Демографски и социјални статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „1.01.0.2.00/01“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за родени деца” во редот 12 „Извештајни единици” зборовите „Министерство за правда - матични служби на Управата за водење на матичните книги” се заменуваат со зборовите „Министерство за дигитална трансформација - матични служби на Управата за водење на матичните книги”.

Во статистичкото истражување во точката 1 „Демографски и социјални статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „1.01.0.2.00/02“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за умрени лица” во редот 12 „Извештајни единици” зборовите „Министерство за правда - матични служби на Управата за водење на матичните книги” се заменуваат со зборовите „Министерство за дигитална трансформација - матични служби на Управата за водење на матичните книги”.

Во статистичкото истражување во точката 1 „Демографски и социјални статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „1.01.0.3.00/01“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за склучени бракови” во редот 12 „Извештајни единици” зборовите „Министерство за правда - матични служби на Управата за водење на матичните книги” се заменуваат со зборовите „Министерство за дигитална трансформација - матични служби на Управата за водење на матичните книги”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.01/01“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за површините и насадите на крајот на пролетната сеидба за деловните субјекти” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр.543/2009 на Европскиот парламент и на Советот“ и зборовите „Регулатива (ЕУ) бр.1337/2011 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.01/02“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за површините и насадите на крајот на пролетната сеидба за индивидуалниот сектор” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр.543/2009 на Европскиот парламент и на Советот” и зборовите „Регулатива (ЕУ) бр.1337/2011 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.01/04“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за остварено производство од рани посеви и овошје на деловните субјекти” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 543/2009 на Европскиот парламент и на Советот” и зборовите „Регулатива (ЕУ) бр. 1337/2011 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр.2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.01/05“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за остварено производство од рани посеви и овошје за индивидуалниот сектор” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр.543/2009 на Европскиот парламент и на Советот” и зборовите „Регулатива (ЕУ) бр.1337/2011 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.01/06“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за остварено производство од доцни посеви, овошје и лозја на деловните субјекти” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр.543/2009 на Европскиот парламент и на Советот” и зборовите „Регулатива (ЕУ) бр.1337/2011 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики", Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.01/07“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за остварено производство од доцни посеви, овошје и лозја за индивидуалниот сектор” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр.543/2009 на Европскиот парламент и на Советот” и зборовите „Регулатива (ЕУ) бр.1337/2011 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.02/01“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за бројот на добитокот во индивидуалните земјоделски стопанства” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 1165/2008 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр.2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики", Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.02/02“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за сточарството (за сопствен добиток)” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 1165/2008 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики", Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.02/03“, Назив на статистичкото истражување „Заклан добиток и живина во кланици” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 1165/2008 на Европскиот парламент и на Советот” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.03/01“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за сурово млеко и добиени млечни производи во млекарниците” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Директива 96/16/ЕЗ на Советот” и зборовите „Одлука 97/80/ЕЗ на Комисијата за утврдување на одредби за спроведување на Директивата 96/16/ЕЗ” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.03/02“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за сурово кравјо млеко и добиени млечни производи во млекарниците” во редот 17 „Територијално ниво на објавување” се додаваат зборовите „НТЕС 1 и 2 (држава) и НТЕС 3 (региони)”. Во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Директива 96/16/ЕЗ на Советот” и зборовите „Одлука 97/80/ЕЗ на Комисијата за утврдување на одредби за спроведување на Директивата 96/16/ЕЗ” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.04/01“, Назив на статистичкото истражување „Структурно истражување за земјоделските стопанства”, се брише.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.2.07/01“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за органско производство” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр. 834/2007 на Советот” и зборовите „Регулатива (ЕЗ) бр.889/2008 на Комисијата за утврдување на детални правила за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 834/2007” се заменуваат со зборовите „Регулатива (ЕУ) бр. 1337/2011 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЗ) бр. 2022/2379 на Европскиот парламент и на Советот”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.1.3.01/10“, Назив на статистичкото истражување „Штети во шумите во државна и приватна сопственост” во редот 17 „Територијално ниво на објавување” се додаваат зборовите „НТЕС 3 (региони)”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.5.4.00/01“, Назив на статистичкото истражување „Економски сметки во туризмот” во редот 16 „Година на спроведување на СИ” бројот „2025” се заменува со бројот „2026”.

Во статистичкото истражување во точка 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.6.9.00/01“, Назив на статистичкото истражување „Финансиски сметки” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” по зборот „Прирачникот ЕЦБ/2013/24” се додаваат зборовите „и Регулатива (ЕУ) 2023/734 на Комисијата, за спроведување на регулативата (ЕЗ) бр.549/2013”.

Во статистичкото истражување во точка 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.04.6.9.00/02“, Назив на статистичкото истражување „Должнички хартии од вредност, по сектори на иматели и издавачи” во редот 20 „Законодавство на ЕУ” по зборот „Прирачникот ЕЦБ/2013/24” се додаваат зборовите „и Регулатива (ЕУ) 2023/734 на Комисијата, за спроведување на регулативата (ЕЗ) бр.549/2013”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.08.0.1.00/01“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за структурата на заработувачката” во редот 15 „Начин на прибирање” зборовите „Самопополнување” се заменуваат со зборовите „Административен”.

Во статистичкото истражување во точката 2 „Економски статистики“, Единствен број на статистичкото истражување (СИ) „2.08.0.1.00/02“, Назив на статистичкото истражување „Статистичко истражување за цената на трудот” во редот 14 „Метод на прибирање” зборовите „Целосен опфат” се заменуваат со зборовите „Комбиниран начин”.

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1133/4
24 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.